Број: 21 -46/8
Датум: 09.01.2023
Скопје

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/18 и "Службен весник на РСМ" 275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1.За извршител за работното место – ИНС0101Б04001, Раководител на Одделение за комунална инспекција, се избира кандидатот Гордана Максимовска.

2.Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 21.12.2022 година на веб страната на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место –Раководител на Одделение за комунална инспекција. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04–9350/11 од 28.12.2022 година, донесено од страна на Градоначалникот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 04-46/3 од 09.01.2023 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.

Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

**СЕКРЕТАР**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Неделчо Крстевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ

Доставено до:
- Именуваниот,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош